Асоцијација
АПЈН
Скопје

Асоцијација на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија сметка бр. 270-0726791601.08 Халк Банка даночен број: 4080018572328

Асоцијација на професионалци во јавните набавки во Република Македонија АПЈН
Бр. 05-23/1
31.03 2020 год.
СКОПЈЕ

До
Биро за јавни набавки
Ул. Даме Груев бр. 14
1000 Скопје

**Предмет:** Иницијатива за надминување на неколку потешкотии со кои се соочуваат службениците за јавни набавки согласно новонастанатата ситуација во нашата држава

Почитувани,

Согласно новонастанатата состојба во нашава држава односно прогласена вонредна состојба заради вирусот (ковид 19) и согласно сите препораки и насоки на Владата на Република Северна Македонија, голем дел од предвидените активности каде што е потребен личен контакт се откажани, што е сосема оправдано во овие околности.

Во насока на надминување на проблемите на лицата на јавни набавки низ целата држава, согласно новонастанатата состојба сметаме дека Бирото за јавни набавки е надлежен орган согласно член 45 став 1 од Законот за јавните набавки односно истото:

- иницира предлози за донесување законски и други акти од областа на јавните набавки до министерот за финансии,
- го следи и анализира спроведувањето на овој законот и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот на јавните набавки и иницира промени за подобрување на системот на јавните набавки,

Од горенаведените причини кои што ги наведовме, а и сите останати кои се општо познати во оваа ситуација во државава, ние како Асоцијација на Професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија – АПЈН, замолуваме Бирото за јавни набавки како надлежен орган да излезе со некои

Асоцијација АПЈН Скопје

**Асоцијација на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија сметка бр. 270-0726791601.08 Халк Банка даночен број: 4080018572328**

олеснувања во насока на продолжување на функционирањето на процесите на јавните набавки во државава.

Имено како резултат на вонредната состојба сите лица за јавни набавки кои требаше да се стекнат со Потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и согласно преодните и завршни одредби од Законот за јавните набавки тоа требаше сите лица да го сторат најдоцна до 01.04.2020 година. Имајќи во предвид дека сите планирани обуки и полагања се откажуваат , институциите и лицата кои работат со јавните набавки на терен се во многу незавидна положба односно неможат да го остварат своето право и да полагаат да се стекнат со Потврдата за положен испит за лице за јавни набавки. Ова прашање мора да се премости од причина што има голем број на отпочнати постапки пред прогласувањето на вонредната состојба а лицата кои се членови на комисии за јавни набавки се веќе со истечена Потврдата за положен испит за лице за јавни набавки.

Исто така Асоцијацијата АПЈН **предлага** Бирото за јавни набавки исто да иницира некој подзаконски акт или Уредба до Владата со насока се додека трае вонредната состојба во нашава држава да можат сите институции да склучат измени на постоечките договори кои им истекуваат во наредните два месеци од причина што сите институции работат со редуциран кадар и неможност од навремено спроведување на сите постапки согласно Годишниот план за јавни набавки.

**Затоа бараме во рамките на вашите законски надлежности во најкраток можен рок согласно член 45 став 1 од Законот да иницирате некој подзаконски акт или Уредба до Владата се со цел овие состојби да се премостат.**

Со почит,

Претседател

Борче Христов

ул. Томе Арсовски бр. 49 А, локал 15, 1000 Скопје
тел: 02/5125-240

www.apjn.mk
contact@apjn.mk